**НАЦРТ**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11, во врска со член 52 и член 93 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. 02-5348/4 од 05.11.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 17-та седница одржана на 05.11.2014 година, донесе

# НАЦРТ-ПРАВИЛНИК ЗА ПРОГРАМИ СО НАГРАДНО УЧЕСТВУВАЊЕ И ЗА КОРИСТЕЊЕ ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ СО ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет**

Со овој Правилник се пропишува начинот на примена на одредбите од:
- Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во врска со обврската на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да обезбедат недвосмислено објавување на правилата за програмите со наградно учествување и за јавно ветената награда; и
- Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во врска со правилата за користење телефонски услуги со додадена вредност.

Член 2
**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во овој Правилник го имаат следново значење:

1. ***Програми со наградно учествување*** се сите видови програми или нивни делови во кои се нуди или се доделува награда од кој било вид (производ, парична награда, патување, услуга, совет од водителот на програмата и др.), без оглед дали наградата им се доделува на учесниците (гостите) во програмата (физички присутни во студиото) или на гледачите или слушателите кои учествуваат во програмата преку телефонска услуга со додадена вредност, или преку обична телефонска линија.

2. ***Телефонски услуги со додадена вредност*** се телефонските услуги од фиксната и од мобилната телефонија, вклучително и телефонското гласање, СМС и ММС услугите, за кои се плаќа повисока цена од стандардната за тој вид услуга, без разлика на бројот преку кој е реализирана услугата.

3. ***Телефонско гласање*** е гласање на гледачи или слушатели преку телефон, без оглед дали се користи телефонска услуга со додадена вредност или се плаќа вообичаената тарифа за реализираните повици.

## II. ПРАВИЛА ЗА ПРОГРАМИТЕ СО НАГРАДНО УЧЕСТВУВАЊЕ

Член 3
**Правила за организирање**
**програми со наградно учествување**

Давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга, за емитувањето програми со наградно учествување е должен да усвои правила што ги објавува на својата веб страница и за кои ја информира Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Правилата на давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги треба да содржат одредби за следниве аспекти на програмата:

- Опис на групата гледачи/слушатели за кои е наменета конкретната програма;
- Детален опис на начинот на учество во програмата и начинот на кој се освојува награда;
- Трошоците за учество во програмата;
- Евентуални ограничувања за учество во програмата на поединци (на пример: вработени кај давателот на услугата и членови на нивните семејства и сл.);
- Евентуални општи ограничувања за учество во програмата: траење на играта/натпреварот, максимален број учесници, максимален број учесници во текот на едно издание на програмата, временски период што треба да помине за повторно учество во програмата по добивањето награда и сл.;
- Начинот на кој му се доделува наградата на добитникот;
- Просечна вредност на наградите што се доделуваат во програмата;
- Начинот на кој се прогласуваат победниците во натпреварот или играта;
- Начинот на кој гледачите/слушателите се известуваат за крајот на натпреварот или играта;
- Начинот и периодот во кој наградата му се доставува на добитникот без дополнителни трошоци, односно постапката по која добитникот може да побара да му се достави наградата;
- Начинот на кој ќе се ракува со личните податоци на учесниците во програмата и добитниците на наградите.

Член 4
**Информирање на гледачите и слушателите за правилата**

Давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга, при емитувањето програми со наградно учествување, треба јасно и недвосмислено да ги информира гледачите и слушателите најмалку за:

- Начинот и трошоците за учество во програмата;
- Ограничувањата за учество во програмата;
- Видот на наградата, начинот на доделување и начинот и периодот на доставување на наградата на добитникот; и
- Да потсетува дека целосните правила за учество во програмата или во нејзин дел можат да се најдат на веб страницата на давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга.

Доколку во програмата со наградно учествување, преку телефон, може да учествуваат гледачите или слушателите, давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга е должен јасно и недвосмислено да ги информира за:

- Прашањето на кое треба да одговорат (мора да биде јасно поставено и лесно разбирливо);
- Видот и бројот на наградите што можат да се добијат (доколку добивањето награда е условено со дополнителни трошоци за добитникот, за тоа гледачите или слушателите мора јасно да бидат информирани - на пример, престој во хотел каде е платено само ноќевање, или користење годишна услуга при што се платени само првите три месеци);
- Начинот на учество во играта или натпреварот (дали со телефонскиот повик или со СМС пораката гледачот/слушателот автоматски добива можност да одговори на прашањето и да добие награда или треба дополнително да чека, да се јави повторно и сл.; дали едно лице може да учествува повеќе пати во една иста наградна игра; дали добитникот е гледачот/слушателот кој најбрзо ќе се јави и ќе даде точен одговор или името на добитникот ќе се извлече од сите учесници кои точно одговориле на прашањето и сл.);
- Траењето на играта или натпреварот (времето кога гледачите/слушателите можат да почнат да се јавуваат и времето кога треба да престанат, бидејќи нивните повици (или пораки) нема да бидат земени предвид);
- Каде (на која веб страница) можат да ги најдат целосните правила за учество во програмата или во нејзин дел направени од давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга.

Во случај на повторно емитување на програмата, односно нејзино репризирање, гледачите/слушателите мора јасно да се информираат дека станува збор за реприза на програмата и дека не треба да се јавуваат на телефонските броеви оти конкретната игра, квиз, натпревар или друга програма е завршена.

Член 5
**Начин на презентирање на наградите во програмите**

Секогаш кога во некоја програма или во нејзин дел се нуди награда, без оглед за каков вид програма или за какво учество во програмата станува збор, наградата може да се претстави така што усно ќе се спомене или визуелно ќе се прикаже името или марката на производот или на правното лице кое ја обезбедува наградата.

Споменувањето или прикажувањето не смее да се прави на неприроден, прекумерен, или нападен начин со што видливо се истакнува или промовира производот, марката, услугата или правното лице кое ја обезбедува наградата.

Не е дозволена употреба на пофални коментари за квалитетот на наградата, нејзината цена или достапност, како и какви било други промовирачки изрази. Гледачите или слушателите не треба да се поттикнуваат или да се советуваат да ја купат или да ја изнајмат наградата.

Член 6
**Заштита на малолетниците**

Сите видови програми со наградно учествување или нивни делови мора да се усогласени со одредбите за заштита на малолетниците од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица.

Доколку некоја програма со наградно учествување е главно наменета за (или во неа учествуваат) малолетници, давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга е должен за учеството на малолетникот во програмата да побара согласност од неговиот родител или старател.

Карактерот на учеството на малолетниците, содржината на програмата, и наградите треба да бидат соодветни на возраста на малолетните лица.

Член 7
**Заштита на приватноста и на личните податоци**

Собирањето, чувањето и користењето на сите лични податоци собрани во текот на програмите со наградно учествување мора да се врши согласно Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11 и 43/14) и подзаконските акти усвоени од Дирекцијата за заштита на личните податоци.

## III. ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ СО ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ И ТЕЛЕФОНСКО ГЛАСАЊЕ

Член 8
**Општи услови**

Давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги може да користат телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање во сите видови програми, освен во вести, во информативна и во образовна програма, во верски служби и проповеди, и во програми за деца.

Кога давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга организира програма во која се користи телефонска услуга со додадена вредност, должен е во договорот склучен со давателот на телефонската услуга со додадена вредност да вклучи одредби со кои ќе го обврзе да ги почитува сите релевантни законски одредби и подзаконски акти усвоени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Агенцијата за електронски комуникации.

Член 9
**Правила за организирање програми во кои се користат телефонски услуги со додадена вредност и телефонското гласање**

Давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга, за емитувањето програми во кои се користат телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање е должен да усвои правила што ги објавува на својата веб страница и за кои ја информира Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Правилата треба да содржат одредби за следните аспекти на програмата:

- Опис на програмата и на групата гледачи/слушатели за кои е наменета;
- Опис на начинот на кој се реализира учеството на гледачите/слушателите во програмата и трошоците;
- Евентуалните ограничувања за учество во програмата;
- Начинот на кој се вреднуваат гласовите на публиката, односно на жирито во програмата (доколку има жири) и начинот на кој се врши проверка на гласањето, доколку станува збор за телефонско гласање.

Член 10
**Трошоци за учество**

Давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга, при емитувањето програми во кои се користат телефонски услуги со додадена вредност, мора јасно и

недвосмислено да ги информира гледачите и слушателите за трошоците на кои ќе бидат изложени поради нивното учество во програмата, на следниов начин:

- Јасно да ја наведе (устно и/или визуелно) цената за секоја минута разговор преку телефонската услуга со додадена вредност, наведувајќи го притоа и вкупниот износ заедно со данокот на додадена вредност;
- Доколку станува збор за интерактивна игра која трае подолг временски период, неколку пати во текот на програмата, јасно да ги предупреди гледачите/слушателите за износот што би можеле да го платат по користењето на целата услуга;
- На телевизија, трошоците треба да бидат видливо претставени на екранот и да бидат устно соопштени, разбирливо и со неутрален тон на гласот, а вкупната цена на чинење на услугата и телефонскиот број треба да бидат испишани со еднаков фонт и големина;
- На радио, трошоците треба да бидат устно соопштени, неколку пати во текот на програмата, разбирливо и со неутрален тон.

Давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга за направените трошоци од страна на гледачите/слушателите за учество во програмата преку користење телефонска услуга со додадена вредност, може да им наплаќа, само преку телефонската сметка, а не преку кредитна картичка или во готово.

Член 11

**Телефонско гласање**

Во програмите во кои на публиката и се нуди можност да учествува и да влијае врз крајниот исход (да гласа за некој од натпреварувачите во музичко шоу или за омилен лик во некое друго шоу и сл.), а тоа учество се реализира преку телефонска услуга со додадена вредност, давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга мора јасно и недвосмислено да ги информира гледачите или слушателите за следното:

- Како ќе придонесат во програмата со нивното телефонско гласање и колку вредат нивните гласови во донесувањето на крајната одлука (дали има и жири и колку вредат гласовите на жирито, а колку на публиката и сл.);
- Начинот на телефонско гласање (дали едно лице може да учествува/гласа повеќе пати; дали едно лице треба да гласа повеќе пати за да даде еден глас и сл.);
- Трошоците за телефонското гласање (вкупниот износ заедно со данокот на додадена вредност);
- Траењето на телефонското гласање (времето кога гледачите/слушателите можат да почнат да се јавуваат и времето кога треба да престанат, бидејќи нивните повици (или пораки) нема да бидат земени предвид);
- Механизмот за проверка на гласањето (на кој начин може да се провери веродостојноста на гласањето, кој ја врши таа проверка и сл.);
- Каде (на која веб страница) можат да ги најдат целосните правила за програмата направени од давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга;
- Во случај на повторно емитување на програмата, односно нејзино репризирање, на гледачите/слушателите мора јасно да им се стави на знаење дали телефонското гласање е се уште можно, односно јасно да се назначи дека е завршено.

Член 12

**Програми со телефонска услуга со додадена вредност наспроти телешопинг**

Доколку давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга му дава нагласена важност на користењето телефонски услуги со додадена вредност во програмите во кои учествуваат гледачи и слушатели, овие програми, согласно пресудата на Европскиот суд на правдата во случајот CJUE, 18 octobre 2007, C-195/06, Kommunikationsbehörde Austria (KommAustria) c/ Österreichischer Rundfunk (ORF), ќе се сметаат за телешопинг.

За да не се смета за телешопинг, програмата во која се користи телефонска услуга со додадена вредност мора да ги задоволи следните услови:

- Да се состои првенствено од уредувачки обликувана содржина;
- Примарната цел на програмата да е уреднички осмислена;
- Комерцијалната активност поврзана со користењето на телефонската услуга со додадена вредност да е од секундарно и занемарливо значење за содржината и целта на програмата;
- Продукцијата на програмата да не е целосно или речиси целосно финансирана од приходите добиени од учеството на гледачите или слушателите преку телефонската услуга со додадена вредност.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите на радио и телевизиските програмски сервиси (“Службен весник на Република Македонија” бр. 72/07).

Член 14

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен весник на Република Македонија”.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**--------------------------------------------**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Бр. ----------------
2014 година
----------------
Скопје